Врз основа на член 27-б став 6 од Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.31/20) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 20 април 2021 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за утврдување на категорија на угостителски објект**

1. Со оваа решение се утврдува дека угостителскиот објект хотел Агрополог со седиште на ул.101 бр.15 - Желино, ги исполнува условите за хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди супериор, со период на важност од три години сметано од денот на влегувањето во сила на ова решение.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

3. Ова решение заедно со Извештајот за извршена категоризација на угостителскиот објект се објавуваат на веб страницата на Владата на Република Северна Македонија.

**Образложение**

АГРОПОЛОГ ДООЕЛ Желино со седиште на ул.101 бр.15 - Желино, поднесе барање бр.УП1 13-63 од 4.3.2021 година за утврдување на потребните услови на угостителскиот објект хотел Агрополог, за хотел од втора категорија со четири ѕвезди.

Комисијата за категоризација на угостителските објекти, постапувајќи по Барањето изврши увид на предметниот објект при што со Извештај бр.УП1 13-63 од 11.3.2021 година, констатира дека истиот ги исполнува условите за хотел од четврта категорија со две ѕвезди супериор, пропишани со Правилникот за услови за категоризација на објектите за сместување за вршење на угостителска дејност („Службен весник на Република Македеонија" бр.41/13).

Врз основа на член 27-б од Законот за угостителската дејност („Службен Весник на Република Македонија" бр.62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.31/20) Владата на Република Северна Македонија на предлог на комисијата за категоризација на угостителските објекти за сместување донесува решение за утврдување на категорија на угостителските објекти за сместување.

Согласно член 27-б од Законот за угостителската дејност, решението за утврдување на категорија на угостителскиот објект за сместување се издава со важност од три години од денот на издавањето.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова решение може да се поведе управен спор пред надлежниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Бр. 40-4161/1**
**20 април 2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА**
**МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**